ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ
СТУДЕНЧИЦА
Бул. Ослободување 60А/І-1, П.Фах 23, 6250 Кичево, Македонија
Тел: 045/220-121 Факс: 045/267-557
www.studencica.com.mk e-mail: jpstudencica@yahoo.com

Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА
Бр. 01-1556/1
26.10. 20 17 год.
Кичево

***ИНФОРМАЦИЈА***
***за финансиското работење на ЈП за водоснабдување Студенчица-Кичево за ТРЕТИОТ КВАРТАЛ (01.07 - 30.09.2017 година )***

Врз основа на параметрите за планираните приходи и расходи дефинирани и предвидени во Финансискиот план за 2017 година, како и нивното остварување за периодот од 01.07.2017 година заклучно со 30.09.2017 година (трет квартален период 2017 година) добиени се следните состојби:

## ПРИХОДИ

Во Програмата за работа и финансискиот план за 2017 година се предвидени и се очекува да бидат остварени четири вида на приходи и тоа:

1.Приходи од продажба на вода,
2.Приходи од продажба на електрична енергија, произведена од МХЕ Добреноец,
3.Приходи по основ на камати од депозити,
4.Приходи од поранешни години (наплатени побарувања по спогодби со ЈКП).

Во третиот квартал од деловната 2017 година се реализирани следните приходи :

- Приходи од продажба на вода во износ од 7.504.034,00 денари кои во однос на вкупно планираните за третиот квартал (8.699.175,62) се реализирани со 86,26%.
- Приходи од продажба на електрична енергија произведена од МХЕ Добреноец во износ од 1.074.304,00 денари и истите во однос на вкупно планираните за соодветниот период (4.620.000,00) се реализирани со 23,25%.
- Приходи по основ на камати од орочени средства на краток рок се реализирани во износ од 225.001,00 денари, кои во однос на вкупно планираните за третиот квартал (250.000,00) се реализирани со 90,00%.
- Приходи од поранешни години (наплатени отпишани побарувања) се реализирани во износ од 764.568,00 денари и истите во однос на планираните за содветниот период (764.568,00) се реализирани со 100%.

Во овој период во ЈП вкупно реализираните приходи по основ на испорака на вода кон ЈКП Корисници во однос на планираните се реализирани со **98,39%**, додека пак приходите реализирани од продажба на вода кон **РЕК Осломеј - Кичево** се реализирани со 60,51% во однос на планираните за овој период, поради тоа што Рек Осломеј е вон погон во овој квартален период.

Во однос на вкупно планираните приходи по основ на испорака на вода кон ЈКП Корисниците и Рек Осломеј, во овој квартален период ЈП реализира 86,26%.

Во овој трет квартален период, покрај приходите од испорака на вода се реализирани приходи од продажба на електрична енергија од МХЕ Добреноец, во вкупен износ од 1.074.304,00 денари, кои се реализирани со 23,25% од планираните, поради намалена издашност на изворот.

Во овој трет квартален период повторно се реализирани приходи од минати години - по основ наплата на отпишани побарувања од склучени Спогодби со ЈКП Корисниците, со кои се регулира начинот, условите како и роковите за наплата на старите и тековни побарувања. Тие во однос на планираните се исполнети со **100%** за овој период.

Приходи остварени по основ на камати од депонирани средства во банки на краток рок се остварени во износ од 225.001,00 денари и истите во однос на планираните се реализирани со 90,00%.

**Вкупно реализираниот приход** во третиот квартал од 2017 година изнесува **9.616.227,00** денари и во однос на вкупно планираниот (14.333.743,62) е реализиран со 67,09% **.**

## ТРОШОЦИ

**Реализираните поединечни трошоци** за наведениот трет квартален период за 2017 година е представен во вид на табеларен преглед кој е составен дел на овој извештај.

Анализата на нивната реализација по структура и споредба со различни периоди како и во однос на планираното не покажуват значителни отстапувања кај расходните позиции во однос на планираната идеалната четвртина.

Реализирани трошоци по поединечни ставки во наведениот квартал кои се под реализација од 100% се следните: Потрошени суровини и материјали

со реализација од 44,65%, Трошоци за материјали (администација, управа и продажба) со 26,69%, Потрошена енергија со 37,51%, Потршени резервни делови со 15,37%, Отпис на ситен инвентар со 94,10%, Услуги за одржување и заштита со 81,21%, Поштенски, телефонски услуги и интернет со 82,03%, Услуги за одржување и заштита на МХЕ Добреноец со 40.00%, Комунални услуги со 27,60%, Останати услуги со 21,80%, Амортизација по минимални стапки со 97,27 %, Трошоци за надомест и други примања на членови на УО и НО со 70,93 %, Дневници за службени патувања и патни трошоци со 50,11%, Трошоци за репрезентација со 58,96%, Премии за осигурување на МХЕ Добреноец, објекти и опрема со 87,88%, Банкарски услуги и трошоци на платен промет со 52,52%, Даноци кои не зависат од резултатот, чланарини во здруженија со 22,33% и Трошоци за надоместок за користење вода од МХЕ Добреноец со 45,68%.

Отстапувањата во однос на идеално планираната граница за реализација на одредени трошоци и нивно зголемување е регистрирано на следните расходни позиции по ставки како што се: Вкалкулирани бруто плати со 102,65% и Потрошена енергија за МХЕ Добреноец со 112,35% и Останати трошоци од работењето со 102,30%.

**За наведениот трет квартал од деловната 2017 година, вкупно реализираните трошоци изнесуваат 12.935.846,00 денари, а во однос на планираните (14.320.000,00) истите се реализирани со 90,33%.**

## ДОБИВКА - ЗАГУБА

Со разликата помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи за наведениот квартален период за 2017 година, ЈП во своето работење оствари негативен финансиски резултат од 3.319.619,00 денари.

Вкупните побарувања заклучно со крајот на наведениот период за 2017 година, изнесуваат 129.139.155,00 денари, од кои поголем дел се побарувања од купувачи по основ продажба на вода и изнесуваат 89.013.550,00 денари и се намалени за 7,04% во однос на истиот период 2016 година.

ЈП во овој период има и краткорочни побарувања за дадени депозити во Банки, со период на орочување до 6(шест) месеци за 40.000.000,00 денари.

Вкупните неизмирени обврски заклучно со крајот на наведенот период изнесуваат 559.630,00 денари и тоа: Обврски кон добавувачи со 223.155,00 денари , Обврски за придонеси од плати со 5.038,00 денари, Обврски по основ на персонален данок со 17.792,00 денари, Обврски за данок на додадена вредност со 153.510,00 денари и Обврски за надоместок за УО и НО со 160.135,00 денари. Обврските за даноци се подмируваат на почетокот на наредниот месец, во рок, како и обврските кон добавувачи.

За третиот квартал од 2017 година со разликата помеѓу вкупниот приход кој изнесува 9.616.227,00 денари и вкупниот расход во износ 12.935.846,00 денари ЈП оствари загуба во износ од 3.319.619,00 денари.

Со почит,

Кичево,
09.10.2017година

ВД **Директор**
Урим Ахмеди

Изготвил: Катерина Станкоска

Одобрил: Александар Петрески дипл.ек

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ СТУДЕНЧИЦА Кичево

**ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ОД 01.07.2017-30.09.2017**

| Р. бр | ОПИС | План 2017 | Остварено 2016 | Остварено 2017 | Структура анализа 2017 | Споредбена анализа (остварено 2017/ план 2017) | Споредбена анализа (остварено 2017/остварено 2016) | Образложение/ Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***1*** | ***ВКУПНИ ПРИХОДИ*** | ***14,333,743.62*** | ***13,372,386.00*** | ***9,616,227.00*** | **100.00** | **67.09** | **71.91** | |
| **1.1** | Приходи од продажба на пр.стоки, усл.на домаш.пазар | **13,319,175.62** | **12,409,007.00** | **8,578,338.00** | **89.21** | **64.41** | **69.13** | |
| 1.1.1 | Приходи од продажба на вода на корисници | 8,699,175.62 | 7,935,175.00 | 7,504,034.00 | **78.04** | **86.26** | **94.57** | |
| 1.1.1.1 | ЈКП Корисници | 5,914,136.62 | 6,250,029.00 | 5,818,888.00 | 60.51 | 98.39 | 93.10 | |
| 1.1.1.2 | РЕК Осломеј | 2,785,039.00 | 1,685,146.00 | 1,685,146.00 | 17.52 | 60.51 | 100.00 | |
| 1.1.2 | Продажба на струја од МХЕ Добреноец | 4,620,000.00 | 4,473,832.00 | 1,074,304.00 | 11.17 | 23.25 | 24.01 | |
| **1.2** | Приходи по основ.на камати,курс.раз.неповр.субјекти | **250,000.00** | **151,617.00** | **225,001.00** | **2.34** | **90.00** | **148.40** | |
| **1.3** | Останати приходи од работењето,од вработени напл.казн | **0.00** | **26,947.00** | **48,320.00** | **0.50** | **/** | **179.31** | |
| **1.3.1** | Останати приходи-надомест на штета | **0.00** | **20,247.00** | **0.00** | | **/** | **0.00** | |
| **1.4** | Приходи останати од работењето- тендерски документаі | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **#ДИВ/0!** | |
| **1.5** | Приходи од нап. на отпишани побарувања Спогодби | **764,568.00** | **764,568.00** | **764,568.00** | **7.95** | **100.00** | **100.00** | |
| ***2*** | ***ВКУПНИ РАСХОДИ*** | ***14,320,000.00*** | ***13,366,384.00*** | ***12,935,846.00*** | **100.00** | **90.33** | **96.78** | |
| **2.1** | Потрошени суровини и материјали | **100,000.00** | 30,060.00 | 44,652.00 | 0.35 | 44.65 | 148.54 | |
| **2.2** | Трошоци за материјали (админ.управа и прод.) | **87,500.00** | 15,483.00 | 23,351.00 | 0.18 | 26.69 | 150.82 | |
| **2.3** | Потрошена енергија | **500,000.00** | 326,188.00 | 187,529.00 | 1.45 | 37.51 | 57.49 | |
| **2.3.1** | Потрошена енергија за МХЕ Добреноец | **12,500.00** | 8,076.00 | 14,044.00 | 0.11 | 112.35 | 173.90 | |
| **2.4** | Потрошени резервни делови | **175,000.00** | 56,981.00 | 26,893.00 | 0.21 | 15.37 | 47.20 | |
| **2.5** | Отпис на ситен инвентар | **75,000.00** | 58,911.00 | 70,574.00 | 0.55 | 94.10 | 119.80 | |
| **2.6** | Транспортни услуги | **0.00** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | #ДИВ/0! | |
| **2.7** | Поштенски, телефонски услуги и интернет | **137,500.00** | 112,261.00 | 112,792.00 | 0.87 | 82.03 | 100.47 | |
| **2.8** | Услуги за одржување и заштита | **75,000.00** | 33,103.00 | 60,904.00 | 0.47 | 81.21 | 183.98 | |
| **2.8.1** | Услуги за одржување и заштита на МХЕ Добреноец | **75,000.00** | 65,250.00 | 30,000.00 | 0.23 | 40.00 | 45.98 | |
| **2.9** | Комунални услуги | **12,500.00** | 2,300.00 | 3,450.00 | 0.03 | 27.60 | 150.00 | |
| **2.10** | Останати услуги | **167,500.00** | 101,765.00 | 36,513.00 | 0.28 | 21.80 | 35.88 | |
| **2.10.1** | Останати услуги , преглед технички на МХЕ Добреноец | **0.00** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | #ДИВ/0! | / | |
| **2.11** | Вкалкулирани плати | **6,850,000.00** | 7,032,717.00 | 7,031,678.00 | 54.36 | 102.65 | 99.99 | |
| **2.12** | Амортизација по минимални стапки | **4,343,559.75** | 4,260,304.00 | 4,224,913.00 | 32.66 | 97.27 | 99.17 | |
| **2.12.1** | Амортизација по минимални стапки на МХЕ Добреноец | **293,940.25** | 293,940.00 | 293,940.00 | 2.27 | 100.00 | 100.00 | |
| **2.13** | Расходи од отпис на побарувања | **0.00** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | #ДИВ/0! | |
| **2.14** | Надом.за трош.на враб.подароци и помош | **275,000.00** | 123,201.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | |
| **2.15** | Дневници за службени патувања и патни трошоци | **62,500.00** | 28,000.00 | 31,320.00 | 0.24 | 50.11 | 111.86 | |
| **2.16** | Трошоци за над.и др. примања на член.на управ.и надз.од | **582,500.00** | 489,642.00 | 413,155.00 | 3.19 | 70.93 | 84.38 | |
| **2.17** | Трошоци за репрезентација | **125,000.00** | 104,964.00 | 73,703.00 | 0.57 | 58.96 | 70.22 | |
| **2.18** | Премии за осигурување | **12,500.00** | 1,649.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | |
| **2.18.1** | Премии за осигурување на МХЕ Добреноец објекти и опр | **112,500.00** | 156,736.00 | 98,867.00 | 0.76 | 87.88 | 63.08 | |
| **2.19** | Банкарски услуги и трош.на платен промет | **20,000.00** | 8,432.00 | 10,504.00 | 0.08 | 52.52 | 124.57 | |
| **2.20** | Даноци кои не зависат од резултатот, Членарини и др.тр. | **75,000.00** | 20,642.00 | 16,746.00 | 0.13 | 22.33 | 81.13 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.21** | Останати трошоци од работењето | **115,000.00** | 30,870.00 | 117,642.00 | [illegible] | 102.30 | 381.09 | |
| **2.21.1** | Трошоци за надоместок за користење вода од МХЕ Добр | **5,000.00** | 4,628.00 | 2,284.00 | 0.02 | 45.68 | 49.35 | |
| **2.21.2** | Надом.од 0.049%МХЕ од приходот кон РКЕ | **30,000.00** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | #ДИВ/0! | |
| **2.22** | Останати расходи од работењето | **0.00** | 2.00 | 10,146.00 | 0.08 | / | 507,300.00 | 2 |
| **2.23** | Затезни камати | **0.00** | 279.00 | 246.00 | 0.00 | / | 88.17 | |
| **2.24** | Курсни разлики-дневници службен пат | **0.00** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | #ДИВ/0! | |
| ***3*** | ***ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*** | ***13,743.62*** | ***6,002.00*** | ***-3,319,619.00*** | | | | |

| **Р. бр** | **ОПИС** | **План 2016** | **Остварено 2016** | **Остварено 2017** | **Структурна анализа 2017** | **Споредбена анализа (остварено 2017/план 2017)** | **Споредбена анализа ( остварено 2017/остварено 2016)** | **Образложение/ Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***4*** | ***ВКУПНИ НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА*** | **0** | ***95,786,419.00*** | ***129,139,155.00*** | 100.00 | **/** | **134.82** | |
| **4.1** | Купувачи во земјата | **0** | 95,756,240.00 | 89,013,550.00 | 68.93 | / | 92.96 | |
| **4.2** | Останати побарувања од работењето | **0** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | |
| **4.3** | Побарувања од дадени кредити,Депозити,кауции | **0** | 0.00 | 40,000,000.00 | 30.97 | / | #ДИВ/0! | |
| **4.4** | Побарувања од повеќе платен ДДВ | **0** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | #ДИВ/0! | |
| **4.5** | Побарување од повеќе платен данок на добивка | **0** | 0.00 | 98,870.00 | 0.08 | / | / | |
| **4.6** | Побарувања од вработени | **0** | 30,179.00 | 26,735.00 | 0.02 | / | 88.59 | |
| ***5*** | ***ВКУПНИ НЕНАПЛАТЕНИ ОБВРСКИ*** | **0** | ***2,932,831.00*** | ***559,630.00*** | 100.00 | **/** | **19.08** | |
| **5.1** | Обврски спрема добавувачи | **0** | 164,767.00 | 223,155.00 | 39.88 | / | 135.44 | |
| **5.2** | Обврски за данок на додадена вредност | **0** | 414,363.00 | 153,510.00 | 27.43 | / | 37.05 | |
| **5.3** | Обврски по осн. на персонален данок | **0** | 17,758.00 | 17,792.00 | 3.18 | / | 100.19 | |
| **5.4** | Обврски за данок од добивка | **0** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | |
| **5.5** | Обврски за нето плати | **0** | 1,404,357.00 | 0.00 | 0.00 | / | 0.00 | |
| **5.6** | Останати побарувања од работењето | | 0.00 | 0.00 | 0.00 | | #ДИВ/0! | |
| **5.7** | Обврски за даноци и придонеси од плати | **0** | 772,803.00 | 5,038.00 | 0.90 | / | 0.65 | |
| **5.8** | Останати обврски спрема вработените | | 0.00 | 0.00 | 0.00 | | #ДИВ/0! | |
| **5.9** | Обврски останати краткорочни-од плати,УО и др. | **0** | 158,783.00 | 160,135.00 | 28.61 | / | 100.85 | |
| ***6*** | ***СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКА*** | **0** | ***58,799,049.00*** | ***30,685,335.00*** | 100.00 | **/** | **52.19** | |
| **6.1** | жиро сметка | **0** | 58,799,049.00 | 30,685,335.00 | 100.00 | / | 52.19 | |
| **6.2** | | **0** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | |
| ***7*** | ***ВКУПЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ*** | **0** | ***53.33*** | ***53.00*** | 100.00 | **/** | 99.38 | |
| **7.1** | Број на лица вработени на неопределено време | **0** | 53.33 | 53.00 | 100.00 | / | 99.38 | |
| **7.2** | Број на лица вработени на определено време | **0** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | |
| **7.3** | Број на привремено вработени лица -Агенција | **0** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | #ДИВ/0! | |
| ***8*** | ***ИЗНОС НА ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА БРУТО П*** | **0** | ***43,957.22*** | ***44,224.39*** | 100.00 | **/** | **100.61** | |
| **8.1** | | **0** | 43,957.22 | 44,224.39 | 100.00 | / | 100.61 | |